ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

БР.18-3440/2
од 20.07.2023 год.
Штип

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ
## За организирање на јавен увид на изработен

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО НАМЕНА Е 1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НА КП бр.197, КП бр.198, дел од КП бр.194, И КП бр.196 КО ЧАРДАКЛИЈА, ОПШТИНА ШТИП

Изработката на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр. 196, КП бр. 197, КП бр. 198 и дел од КП бр. 194, КО Чардаклија Општина Штип е со површина од 1,2 ха.

Границите на проектниот опфат се прикажани во графичкиот дел на урбанистичкиот проект. Површината на проектниот опфат изнесува П = 11 512,29 m2 , односно 1,2 ха.

Проектна документација се изработува по прифатена Иницијатива за изработка на урбанистичката документација од страна Комисијата за урбанизам на Општина Штип.

Јавниот увид на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр. 196, КП бр. 197, КП бр. 198 и дел од КП бр. 194, КО Чардаклија Општина Штип е со површина од 1,2 ха ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Штип: www.stip.gov.mk

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 20.07.2023 год.
Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови

Изработил:
диа, Драгана Штерјова

По овластување од градоначалник на
Општина Штип
Лазар Хаџи Николов

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*